# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

**Вторник, 26 декември 1995**
**Скопје**
**Број 62 Год. LI**

Претплатата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**1603.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 1995 година.

Бр. 08-4239/1
20 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/94) во членот 3 став 1 по заградата се додаваат зборовите: „а за месец јануари 1996 година и натаму до висина на правото што го утврдило за месец декември 1995 година".

Во ставот 2, во третиот, четвртиот и во осмиот ред по зборот „година" се додаваат зборовите: „односно 1995 година", а во седмиот ред по зборот „година" се додаваат зборовите: „односно 1996 година".

Во ставот 3, во вториот и четвртиот ред по зборот „година" се додаваат зборовите: „односно 1996 година".

Член 2

Во членот 4 став 1 по заградата се додаваат зборовите: „а за месец јануари 1996 година и натаму до висина на правото што го утврдило за месец декември 1995 година".

Во ставот 2, во вториот и третиот ред по зборот „година" се додаваат зборовите: „односно 1996 година".

Член 3

Во членот 7 став 1 по зборот „година" се додаваат зборовите: „односно за 1995 година".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува почнувајќи со исплатата на платите за месец јануари 1996 година.

---

**1604.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

1. Се разрешува Наталија Драгичевиќ од должноста советник на министерот за финансии, поради распоредување на други работи и задачи во Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-2870/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**1605.**

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/ 94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИНСПЕКТОРИ ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ - ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ВО СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност за инспектори во Управата за јавни приходи – Подрачна единица во Скопје да се назначат:

– Павлина Димитрова, шеф на Отсекот за финансиски работи во Министерството за финансии – Подрачна единица во Скопје,

– Радивоје Младеновиќ, виши референт за наплата на јавните приходи во Министерството за финансии – Подрачна единица во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2871/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1606.**

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГРАНИЧЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ТАБАНОВЦЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност за граничен инспектор за заштита на растенијата на граничен премин Табановце, да се назначи Томо Мојсовски, дипломиран инженер по земјоделство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2880/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1607.**

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ - ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА - ГОСТИВАР

1. Владата на Република Македонија дава согласност за републички санитарен и здравствен инспектор во Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат - Подрачна единица - Гостивар да се назначи Светлана Лазареска, доктор на медицина.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2887/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1608.**

Врз основа на член 155 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИНСПЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ ЗА ОПШТИНИТЕ ГОСТИВАР, ТЕТОВО, ТИТОВ ВЕЛЕС, КУМАНОВО, КРИВА ПАЛАНКА, СВЕТИ НИКОЛЕ И КРАТОВО

1. Владата на Република Македонија дава согласност за инспектор за урбанизам и градежништво во Одделението за инспекциски работи за општините Гостивар, Тетово, Титов Велес, Куманово, Крива Паланка, Свети Николе и Кратово да се назначи Даме Рафајловски, раководител на инвестиции во „Жито-Полог“ - Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-2888/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1609.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО

1. За советник на министерот за стопанство, за мало стопанство, се назначува Милисав Таневски, досегашен помошник на републичкиот секретар за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-2913/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1610.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО

1. За советник на министерот за стопанство, за производство, промет и услуги на материјално - технички средства, се назначува Јанко Спасовски, досегашен помошник на министерот за стопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе с еобјави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-2914/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1611.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СТОПАНСТВО

1. За советник на министерот за стопанство, за туризам и угостителство, се назначува Јово Векиќ, досега-

шен помошник на републичкиот секретар за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-2915/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1612.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА**

1. Се разрешува Цветан Станоевски од должноста советник на министерот за култура, поради исполнување на условите за пензија, заклучно со 30.11.1995 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-2931/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1613.**

Врз основа на член 153, став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

1. Се разрешува Беџет Беџети од должноста помошник на министерот за внатрешни работи, поради исполнување на условите за пензија, сметано од 1.09.1995 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-2935/2
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1614.**

Врз основа на член 158, став 3 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90) и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За републички советник во Владата на Република Македонија се именува Светозар Василевски, досегашен советник во Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-3017/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1615.**

Врз основа на член 2, став 1 и 2 од Законот за стандардизација („Службен весник на РМ" бр. 23/95), а во врска со член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА И МЕТРОЛОГИЈА**

1. За вршител на должноста директор на Заводот за стандардизација и метрологија, орган во состав на Министерството за стопанство, се именува Ристо Јосифовски, досегашен самостоен советник во Министерството за стопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-3018/1
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1616.**

Врз основа на член 35 од Законот за библиотечната дејност („Службен весник на СРМ" бр. 35/84; 51/88 и „Службен весник на РМ" бр. 12/93) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" - ОХРИД**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на Градската библиотека „Григор Прличев" - Охрид, со која за индивидуален работоводен орган на Библиотеката повторно е именуван Славе Банар, професор - виш библиотекар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-62/6
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1617.**

Врз основа на член 88, став 4 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 4 декември 1995 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА УСО „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" – СКОПЈЕ

1. За членови на Училишниот одбор на Училиштето за средно образование „Браќа Миладиновци" – Скопје се именуваат:

– д-р Драги Таневски, доцент на Земјоделскиот факултет – Скопје.

– Танас Трајковски, директор на Факултетското сточарство „Трубарево" – Скопје

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-2540/106
4 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1618.**

Врз основа на член 101 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/86 и бр. 17/91), директорот на Републичката геодетска управа донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ПРЕМЕРОТ И КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите.

Член 2

Предмет на одржување на премерот и катастарот на недвижностите се утврдени промени настанати на:

– белези и знаци на геодетските точки;
– земјиштето;
– зградите, посебни делови од згради и помошни објекти;
– правата на недвижностите.

Член 3

Како промени кои настануваат во однос на белезите и знаците на геодетските точки се сметаат обновување на оштетени, уништени и одредување на новопоставени геодетски точки.

Член 4

Како промени настанати на земјиштето се сметаат промени со кои се менува хоризонталната и вертикалната претстава на земјиштето.

Во промени од став 1 на овој член спаѓаат: делби, спојување или исправки на граници на катастарски општини или парцели, промени во културата на дел или цела катастарска парцела, градба на нов или уривање на порано изграден градежен објект (зграда или друг објект), промена на видот на оградата со која се разграничени катастарските парцели, промена на текот на река, појава на нови клизишта или промени на земјиштето настанати со подземна експлоатација на рудно богатство, рударски работи на површината на земјиштето и рекултивизација на земјиштето, како и други промени кои се од влијание на податоците во катастарот на недвижностите, а кои се однесуваат на земјиштето.

Член 5

Како промени настанати на зградите се сметаат промени со кои се влијае на состојбата запишана и евидентирана во катастарот на недвижностите.

Во промени од став 1 на овој член спаѓаат: промени во намената на цела или на дел од зграда настанати со пренамена на станбениот во деловен простор или обратно, како и промени настанати во намената поради преградување или уривање на внатрешни прегради – зголемување или намалување на станбените или деловните единици (простории), надградба на еден или повеќе катови на постоечки објект или уривање и намалување на катноста на зграда, како и други промени кои се од влијание на податоците во катастарот на недвижностите, а кои се однесуваат на зградите, посебните делови од зградите и помошните објекти.

Член 6

Како промени настанати во однос на правата на недвижностите се сметаат промени на правата на сопственост, што се однесуваат на стекнувањето, пренесувањето, ограничувањето и престанувањето на правата на недвижностите, промена на границата на градежното земјиште, како и други промени со кои се влијае на податоците запишани во катастарот на недвижностите, а кои се однесуваат на носителите на правата на недвижностите (промена на лични податоци, место на живеење, улица или куќен број и сл.).

### II. ПРИЈАВУВАЊЕ, УТВРДУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОМЕНИ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

**1. Пријавување, утврдување и спроведување на промени**

Член 7

Во зависност од карактерот на настанатата промена, нејзиното утврдување се врши:

1. Со увид на самото место и тоа:

– со премерување и констатација на настанатата промена,

– без премерување, а само со констатација на настанатата промена и

2. Без увид на самото место, а само со констатација за настанатата промена.

Член 8

Промените настанати на недвижностите за кои се врши увид на самото место со премерување и констатација, се утврдуваат со споредување на обработените податоци од фактички настанатата и премерена промена со податоците во документацијата приложена како основ за нејзино утврдување и спроведување во катастарот на недвижностите.

Член 9

Промените настанати на недвижностите, за кои се врши увид на самото место без премерување, се утврдуваат само врз основа на констатацијата од увидот, утврдено во член 7 точка 1 алинеја 2 од овој правилник.

Член 10

Промените на недвижностите настанати со правен основ, а за кои не се врши увид на самото место, се утврдуваат со споредување на податоците за недвижностите во катастарот на недвижностите како „стара состојба", со податоците за недвижностите во документацијата приложена или доставена како основ за нејзино спроведување во катастарот на недвижностите, како „нова состојба".

Член 11

Промените на недвижностите настанати со бесправна изградба, доградба, или надградба на зграда или делови од зграда се утврдуваат од податоците на увидот и премерувањето на промената на самото место и изјава на

странката дека не поседува правно уредна документација, како основ за градба.

Член 12

Промените настанати во однос на топографскиот облик - релјефот на теренот се утврдуваат со увид на самото место и премерување.

Член 13

Промени на недвижностите кои настануваат со обновување на белезите и знаците на уништени или новопоставени и одредени геодетски точки се утврдуваат со увид на лице место и премерување.

Член 14

Спроведување на промени на податоци во катастарот на недвижностите се врши во техничка и во административна смисла.

Под спроведување на промените на податоците во техничка смисла се подразбира спроведување на утврдени промени на недвижностите кои имаат за последица промена на содржината на катастарските планови.

Под спроведување на промени на податоците во административна смисла се подразбира спроведување на промените во катастарскиот операт.

Промените утврдени на начин според член 11 од овој правилник се спроведуваат на плановите во техничка смисла, додека во административна смисла само се евидентираат.

Заради ефикасно ажурирање на промени во катастарот на недвижностите, спроведувањето на промените во техничка смисла му претходат на спроведувањето на промените во административна смисла.

Член 15

Промените на недвижностите според начинот се спроведуваат во:

1. катастарските планови и катастарскиот операт;
2. само во катастарските планови, и
3. само во катастарскиот операт.

Евидентирање на промени се врши во:

1. евидентни листови на бесправно изградени објекти;
2. скици за мерење згради, делови од згради и помошни објекти;
3. геодетски елаборат од премерот; и
4. катастарските планови.

Член 16

Спроведување на промени според член 15 став 1 точка 1 од овој правилник се врши заради:

- одделување на еден дел од катастарската општина и припојување кон соседна катастарска општина;
- формирање на нова катастарска општина, во границите на постојна катастарска општина поради одделување на одредено подрачје како посебна катастарска општина;
- спојување на две или повеќе катастарски општини во една катастарска општина;
- измена на една веќе утврдена гранична линија на катастарска општина;
- одделување на дел од катастарска парцела и негово припојување кон соседна катастарска парцела;
- делење на катастарска парцела;
- спојување на парцели во случај кога тие му припаѓаат на еден ист носител на правата на недвижностите;
- регулирање на граничната линија на меѓусоседните парцели, со што настанува промена во површините;
- пренамена на земјиштето, на парцели на кои после извршениот премер се изградени објекти (згради, помошни објекти, патишта, канали, железници и други објекти) во неплодно земјиште;
- промена на катастарската култура на земјиштето;
- пренамена на земјиштето поради уривање на згради или рекултивација на неплодно земјиште во плодно земјиште;
- реализација на урбанистички планови и формирање на градежни парцели;
- исправка на погрешно извршено нумерирање на парцелите;
- промена на имиња на улици и населени места;
- исправка на грешки содржани во името на потесот, запишано во катастарските планови и операт.

Член 17

Спроведување на промени според член 15 став 1 точка 2 од овој правилник се врши на промени настанати природно или вештачки, доколку тие промени не влијаат на податоците запишани во катастарскиот операт.

Во промени од претходниот став спаѓаат промените настанати заради:

- промена на видот на оградата на границата на катастарските парцели;
- изградба или уривање на бунар или јавна чешма, појава на значајни природни извори или извори настанати со вештачко дупчење, водоводни или канализациони шахти, споменици, кејови и сл.;
- менување на топографскиот облик на земјиштето; како и
- други промени настанати со изградба или уривање на објекти, а кои немаат влијание на податоците во катастарскиот операт.

Наведените промени во овој член се спроведуваат на геодетските планови според знаците на топографскиот клуч.

Член 18

Спроведување на промени според член 15 став 1 точка 3 од овој правилник се врши за промени настанати во однос на:

- правата на недвижностите;
- носителите на правата на недвижностите;
- личните податоци на носителот на правото на недвижноста;
- место на живеење, односно седиштето на носителот на правото на недвижностите;
- измена на броевите на куќите запишани во катастарскиот операт;
- матичен број на носителот на правото на недвижноста;
- површината на недвижноста настаната како последица на грешка од првобитното пресметување;
- катастарска класа на земјиштето;
- катастарски приход.

Член 19

Евидентирање на промени според член 15 став 2 точка 1 од овој правилник се врши за промени на недвижности настанати со бесправна изградба, надградба, или доградба на зграда, делови од зграда и помошен објект.

Член 20

Евидентирање на промени според член 15 став 2 точка 2 од овој правилник се врши за промени кои настануваат со обновување на белезите и знаците на уништени и новопоставени геодетски точки.

Член 21

Податоците во: фото-скиците, скиците од снимањето на недвижностите (детални скици, индикациони скици и скици од дополнителното премерување), како и податоците во скиците од увидот и мерењето на зградите, посебните делови од зградите и помошните објекти,

внесени и изработени за време на премерот, не смеат да се менуваат ниту дополнуваат.

Член 22

Промени настанати на недвижностите, за кои се врши увид на самото место со или без премерување се теренски промени, односно промени од теренски карактер, кои се означуваат со шифра 4 од планот на архивските знаци на Републичката геодетска управа.

Член 23

Промени настанати на недвижностите, за кои не се врши увид на самото место и премерување се канцелариски промени, односно промени од канцелариски карактер.

Промените на носителите на право на дел од парцела настаната поради делба, а на која е извршен увид со премерување во претходна постапка се сметаат за промени од канцелариски карактер, кои се означуваат со шифра 5 од планот на архивските знаци на Републичката геодетска управа.

Член 24

Заинтересираните странки се известуваат за терминот на извршување на увид на самото место на пријавената промена на недвижностите.

Член 25

Носителите на правата на недвижностите, за настанатата промена на границите на земјиштето ги обележуваат со видни и трајни белези и знаци на начин и под услови утврдени со член 30 став 2 на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (Закон).

Член 26

Увид на настанатата промена на недвижностите на самото место со или без премерување се врши по правило, во присуство на заинтересираните странки.

**2. Пријава и постапка по пријавата**

Член 27

За настанатата промена се поднесува пријава која претставува писмено барање за утврдување на промена настаната на недвижностите и спроведување на измена на податоците во катастарот на недвижностите.

Пријавата од став 1 на овој член е образец кој ги содржи следните податоци:

1. Република Македонија;
2. Општина;
3. Катастарска општина на кое подрачје настанала промена;
4. Податоци за носителот на правата на недвижноста на која настанала промената: презиме, татково име и име, матичен број, место на живеење и адреса, улица и куќен број;
5. Податоци за новиот носител на правото доколку се врши пренесување на правото на недвижностите, односно податоци за промена на правото;
6. Податоци за недвижноста на која настанала промената: број на катастарската парцела и број на зградата (објектот);
7. Вид на промената (земјиште или зграда или двете заедно);
8. Изјава дека катастарската парцела на која настанала промената е обележана со видни и трајни белези;
9. Ознака (шифра) за карактерот на промената: теренска или канцелариска;
10. Попис на документите приложени како основ на барањето за спроведување на промената;
11. Датум на поднесување;
12. Потпис на подносителот;
13. Потпис на службеното лице.

Податоците под 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 10, 11 и 12 од пријавата ги пополнува подносителот на барањето, додека податоците под број 7, 9 и 13 се пополнуваат по службена должност.

Пријавата се потпишува од страна на подносителот.

За промени за кои пријавувањето се врши на начин според став 1 од овој член, а основ на промената е во смисла на членот 85 став 1 и членот 20 став 3 на Законот за премер, катастар и запишување на правото на недвижностите, пријава по службена должност формира, пополнува и потпишува одделението за премер и катастар.

Пријавата-образец бр. 1-ОПКН (одржување на премерот и катастарот на недвижностите) се изработува на хартија А4 формат и е составен дел на овој Правилник.

Член 28

Пријавата за измена во катастарот на недвижностите од теренски карактер, означена со шифра 4, веднаш по приемот се внесува во деловодниот протокол – теренски, образец бр. 2 – ОПКН.

Деловодниот протокол од став 1 на овој член е составен дел на овој Правилник.

Член 29

Пријавата за измена во катастарот на недвижностите од канцелариски карактер, означена со шифра 5, веднаш по приемот се внесува во деловодниот протокол-канцелариски, образец бр. 3-ОПКН.

Деловодниот протокол од став 1 на овој член е составен дел на овој Правилник.

Член 30

За сите пријави од теренски карактер, внесени во деловодниот протокол од член 28 од овој Правилник, се врши увид на лице место според член 7 точка 1 на овој Правилник.

**3. Список на пријави**

Член 31

Констатацијата од увидот и обработените податоци од извршеното премерување на промената, потребни за нејзино утврдување, се внесуваат во „списокот на пријави".

Внесувањето на податоците во „списокот на пријави" се врши редоследно по приемот и евидентирањето на пријавите во деловодниот протокол.

Списокот на пријави е образец кој содржи: податоци за „стара состојба" за недвижноста, преземена од катастарскиот операт и податоци за „нова состојба" за недвижноста на која е утврдена настанатата промена.

Списокот на пријави се води посебно за земјиште, а посебно за згради, делови на згради и помошни објекти.

Податоците од став 3 на овој член во „Списокот на пријави за земјиштето" се однесуваат на: редниот број, матичниот број, бројот на пријавата, бројот на имотниот лист, податоци за носителот на правото на недвижноста со адреса и дел на поседот, број (основен и дел) на катастарската парцела, бројот на планот и скицата, катастарската култура и класа, површината, податоци за правото и товарите на недвижностите, видот (карактер) на промената, како и резултатот со констатација од увидот и премерувањето на промената на терен и основот по кој промената се утврдува и спроведува.

Податоците од став 3 на овој член во „Список на пријави за згради" се однесуваат на: реден број и број на пријавата, број на имотен лист и матичен број, податоци за носителот на правата на недвижноста со адреса и дел на поседот, број на парцелата, зградата, влезот, катот и станот, намената, викано место, број на катови,

станови и соби, материјал од кој е изграден објектот, основ и година на градба, површина, податоци за правото и товарите на недвижноста, како и резултат со констатација од увидот и премерувањето на терен и основ за промена на носителот на правото.

Обрасците од став 5 и 6 на овој член „Список на пријави за земјиште"-образец бр. 4 – ОПКН и „Список на пријави за згради" – образец бр. 5 – ОПКН се составни делови на овој Правилник.

**4. Спроведување и евидентирање на промените на недвижностите**

Член 32

По извршеното утврдување на промените на недвижностите, за промените настанати во катастарот на недвижностите, а се однесува на катастарската култура и катастарската класа на земјиштето, Републичката геодетска управа донесува решение.

По извршеното утврдување на промените на недвижностите за податоците запишани во катастарската евиденција на недвижностите, настанати врз основа на одлука на надлежен орган, Републичката геодетска управа ги спроведува промените во катастарот на недвижностите по службена должност, за што писмено ги известува странките.

За настанати промени на недвижностите за кои постои барање за нивно спроведување во катастарот на недвижностите, а во актот за промената податоците не одговараат со податоците во катастарот на недвижностите, таквата промена не се спроведува, за што Републичката геодетска управа донесува решение.

По правосилноста на донесеното решение се врши спроведување на утврдената промена во катастарот на недвижностите.

Член 33

Спроведување на утврдените промени во катастарот на недвижностите се врши:

– во техничка смисла со исцртување (туширање) на измените во катастарските планови;

– во административна смисла со внесување на промените на правата на недвижностите и другите утврдени промени во „списокот на промените на земјиштето" – ОПКН број 6 и во „списокот на промени на згради" – ОПКН бр. 7 и другите обрасци на катастарскиот операт;

– со архивирање на стручно-техничката и правната документација.

Обрасците ОПКН број 6 и ОПКН број 7 се составен дел на овој правилник.

Член 34

Евидентирањето во катастарот на недвижностите за промени утврдени на начин според член 11 од овој правилник се врши со:

– исцртување (туширање) на промените во катастарските планови;

– евидентирање во евидентен лист; и

– архивирање.

Член 35

Евидентирањето на промени утврдени на начин според член 12 од овој Правилник се врши со:

– исцртување (туширање) во катастарските планови и

– архивирање на стручно-техничката документација.

Член 36

Евидентирање на промени утврдени на начин според член 13 од овој Правилник се врши со:

– Исцртување (туширање) во геодетско-катастарските планови; и

– регистрирање на промените во геодетскиот елаборат.

Член 37

Исцртување (туширање) на утврдената промена во плановите за одржување на премерот, според член 33 алинеја 1 од овој Правилник се врши со црвен туш.

**5. Список на промени**

Член 38

Спроведувањето на утврдената промена според член 33 алинеја 2 од овој Правилник се врши со внесување на податоците во „стара" и „нова состојба" од „списокот на измени" и во другите обрасци од катастарскиот операт, а на начин според Правилникот за изготвување и одржување на обрасците на катастарскиот операт на недвижностите.

Член 39

Под стручно-техничка документација од член 33 и 34 на овој Правилник се подразбира скиците и обрасците во кои се внесуваат и обработуваат теренските и канцелариските податоци од увидот, премерувањето и пресметувањето, а која документација е потребна при утврдувањето на промените.

Член 40

Архивирање на исправите приложени со пријавата како правен основ за спроведување на промените на правата и промените на носителите на правата на недвижностите, се врши со внесување на исправите, во посебни кошулици „збирка на исправи", востановени со излагањето на податоците од премерот на јавен увид, односно формирање на нова „збирка исправи" за оние носители на права на недвижностите кои како такви се јавуваат прв пат, а врз основа на правно уредни акти.

„Збирката на исправи" се нумерира поединечно за секој носител на право на недвижности со бројот што го има имотниот лист.

Составен дел на „збирката на исправи" е и стручно техничката документација од став 1 на овој член.

„Збирката на исправи" се архивира во посебни фасцикли и по редоследен ред на броевите. На кориците на фасциклата се испишува: „збирки на исправи" за КО ........., (со испишување на името на катастарската општина).

Фасциклите во кои се архивираат „збирките на исправи" содржат документи за цел број предмети, за 50 или 100, а се нумерираат со римски броеви I, II, III итн.; со наведување на првиот и крајниот број на предметите содржани во фасциклата.

Член 41

Акт кој се однесува за недвижности кои се наоѓаат во две или повеќе катастарски општини или во два и повеќе имотни листови се умножува, заверува и внесува во збирката на исправи за секој имотен лист.

## III. ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕМЕРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

**1. Основ, методи и начин на премерување на промени на недвижности**

Член 42

За сите промени настанати во однос на хоризонталната и вертикалната претстава на земјиштето, при одржување на премерот и катастарот на недвижностите се врши премерување.

Увид со мерење се врши и за новоизградени згради, делови од згради и помошни објекти.

Член 43

Основата за одржување на премерот на недвижностите ја сочинува мрежата на геодетски точки просторно определени во геодетскиот правоаголен координатен систем.

Член 44

Фиксни гранични точки за одржување на премерот може да се користат во исклучителни случаи само на подрачја надвор од населени места.

За фиксни гранични точки се сметаат тромеѓите и четвoромеѓите на парцелите кои на теренот се обележани со трајни белези (со камени или бетонски столбови димензии 0,10 x 0, 10 x 0,50 м) и ако при премерувањето се фотосигнализирани и на фотоскиците јасно видливи.

Член 45

Одржувањето на премерот се врши од мрежа на геодетски точки.

Во населени места и поголеми комплекси, на промени на недвижностите настанати со реализација на урбанистичките планови, при експропријација, групирање на земјиште, изградба на железничка пруга, пат, канал или други објекти, како и промени на земјишниот рељеф при топографско обликување на теренот, одржувањето се врши од мрежа на геодетски точки.

Од фиксни точки може да се врши премерување на промени во рамките на една катастарска парцела.

Член 46

Премерување на промени настанати на недвижностите при одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите се врши по ортогонална или поларна метода.

По исклучок, премерување со одмерување се врши при промена на катастарска култура на земјиштето поради доградба на зграда или помошен објект во рамките на катастарската парцела, како и при друг вид промена на катастарска култура, како и при делба во рамките на катастарската парцела.

При премерувањето со одмерување, се земаат, во зависност од техничкото решение, најмалку три одмерења потребни промената да се искартира и контролира со потребна точност.

Член 47

Премерување – снимање на промени на недвижностите се врши на начин според Правилникот за државен премер I, II и III дел, Упатството за фотограметриски работи на државниот премер и Правилникот за мерење и увид на згради, делови од згради и помошни објеки.

**2. Обновување на белезите и знаците на уништени и поставување на дополнителни геодетски точки**

Член 48

При премерување на настанати промени на земјиштето, претходно треба да се откријат геодетските и фиксните точки што ќе се користат како основа за премерување.

Откривање на геодетски точки се врши врз основа на податоците во обрасците од геодетскиот елаборат од премерот на недвижностите.

Откривање на фиксните точки се врши врз основа на податоци содржани во фотоскиците и плановите од премерот.

Член 49

Поништена геодетска точка се обновува со стабилизирање и вкопување на нова белега.

За обновената геодетска точка се обновува описот на местоположбата и се пресметуваат нови координати и надморска височина.

Опис на местоположбата и пресметување на координати и надморска височина се врши и за ново поставени геодетски точки.

Член 50

Стабилизација и укопување, опис на местоположбата, мерење на аглите, должините и височинските разлики, обработка на податоците, како и одредување на обновените и новопоставените геодетски точки, се врши според прописите за поставување мрежи на геодетски точки.

Член 51

Нумерирањето на новопоставените геодетски точки се врши во продолжение на последните броеви на геодетските точки во соодветните мрежи во катастарската општина.

Член 52

Податоците од описот на местоположбата на обновената или новопоставената геодетска точка се внесуваат во соодветен образец – „Тригонометриски образец бр. 27", односно „Нивелмански образец бр. 8". На местото на стариот опис и местоположбата на образецот, во рубриката „забелешка" се внесува страницата од истиот образец каде е извршено обновување на описот – со црвено мастило.

Податоците за координатите и надморската височина за обновената, односно новопоставената геодетска точка се внесуваат во посебен образец – Список на координати – „Тригонометриски образец бр. 25".

Податоците за координатите и височините на поништените геоедетски точки внесени во „Тригонометрискиот образец бр. 25" се прецртуваат со една линија, со црвено мастило, а во рубриката „забелешка" се запишува: „точката е обновена, види стр..... на овој образец".

Член 53

При премерување на настанати промени на недвижностите од фиксни точки, се зема ориентација на најмалку 3 фиксни или геодетски точки.

Положбата на фиксните точки се проверува и осигурува со контролни мерења.

Точките за ориентација треба да бидат правилно распоредени во хоризонтот ($360^0$: н; н-број на ориентациони точки), а да се на поголема меѓусебна оддалеченост во однос на деталните точки кои се премеруваат.

Член 54

Означувањето на фиксните точки се врши со описен знак, а се именуваат со почетните големи букви од кирилицата по азбучен ред: А, Б, В....., посебно за секој поединечен случај на премерувањето.

**3. Податоци од премерувањето на промените**

Член 55

Податоците од теренското премерување на промените на недвижностите се оригинални и се внесуваат на самото место, во тахиметриските и тригонометриските обрасци, во скиците на премерувањето – мануали и во скиците за увид и мерење на згради со податоци за зградата, деловите од зградата и помошните објекти, и претставуваат составен дел на стручно-техничката документација од чл. 39 на овој правилник.

Нумерирањето на деталните точки при примена на поларна метода на премерувања се врши со арапски бројки од 1, па натаму редоследно до 999 за секој случај посебно.

Податоците од став 1 на овој член се запишуваат и обработуваат според постојните технички нормативи, за овој вид геодетски работи, од член 47 на овој правилник.

Член 56

Податоците од премерувањето на поединечни мали парцели (промени на граници на катастарска култура, снимање на згради со мал број на детални точки и слично), се впишуваат на самата скица на премерувањето – мануал.

Член 57

При премерувањето на промените на недвижностите, во записниците и скиците се внесува бројот на катастарската парцела која се премерува, со што се воспоставува нивна меѓусебна врска.

**4. Скица од теренско мерење**

Член 58

Скицата од теренско мерење, се изработува за секоја промена на недвижностите за која се врши премерување.

Скицата од теренско мерење покрај цртеж, ориентиран кон север, содржи и податоци од мерењето на недвижноста која е предмет на премерување и податоци за носителот на правата и бројот на парцелата што се премерува, односно на соседните катастарски парцели, а кои податоци се превземаат од катастарот на недвижностите.

Скицата од теренско мерење образец бр. 8 - ОПКН е составен дел на овој правилник, а се изработува на хамер-хартија, А-4 формат.

Член 59

Размерот на цртежот на скицата на премерување е приближен, кој што треба да овозможи читливо, прегледно и јасно внесување на податоците од премерувањето.

Член 60

На скицата од теренско мерење, се означуваат сите геодетски и фиксни точки од кои се врши премерување, при што се исцртуваат и правците за ориентација, односно линиите за премерување.

Член 61

Податоците од мерењето, податоците за носителите на правата на недвижностите, катастарските култури и класи на земјиштето, постојните геодетски и фиксни точки, односно правците и линиите од член 60 од овој правилник, како и цртежите што ја претставуваат положбата на недвижносите пред да настане промена, се испишуваат и исцртуваат на скицата на теренско мерење според топографскиот клуч, со црн туш.

Сите новопоставени на терен, геодетски точки и нивните броеви, како и броевите на новонастанатите парцели и нивните гранични линии, скратениците за новите култури и класи, се исцртуваат и запишуваат според топографскиот клуч, со црвен туш.

Граничната линија на променетата катастарска култура се исцртува со црвен туш, дебелина 0,2 мм.

Член 62

Поништените и изменетите гранични линии на сопственоста на недвижноста, односно на катастарските култури на земјиштето, се прецртуваат со знакот „x“, со црвен туш.

Поништените броеви на парцелите се прецртуваат со хоризонтална линија, со црвен туш.

Член 63

При премерувањето на измената во катастарската култура на земјиштето на одделена парцела, стручно лице (од геодетска струка) ги утврдува и класата на земјиштето.

За утврдената катастарска култура од премерот, не може да се менува катастарската класа.

Класите се утврдуваат според соседните или најблиските парцели од иста култура, со еднаква положба на земјиштето. Доколку таква култура не се наоѓа во близината на парцелата за која се утврдува класата, класирањето се врши врз основа на списоците на општинските огледни земјишта.

Класирањето на нови култури кои порано не постоеле во катастарската општина, како и класирањето на новонастанатите поголеми комплекси на овошни градини, лозја, интензивни лозја, интензивни овошни градини и шуми, ги врши дипломиран инженер агроном од Републичката геодетска управа.

Член 64

Запишувањето на скратениците за катастарската култура и катастарската класа на земјиштето во скицата на премерување се врши според Правилникот за начинот на катастарското класирање на земјиштето, со заокружување, со нулто перо и црн туш.

Член 65

Стручното лице кое ја изработило скицата на премерувањето - мануалот, се потпишува со полно име и презиме на местото за тоа предвидено на скицата.

Член 66

Изработената скица на премерувањето ја прегледува одговорното за тоа стручно лица во Одделението за премер и катастар и бара од извршителот отстранување и дополнување на евентуално пронајдените недостатоци од премерувањето на промената и изработката на скицата.

По отстранувањето на дадените забелешки од страна на извршителот на премерувањето, односно геодетско стручно лице ја потпишува скицата на премерување и ја дава на натамошна постапка.

**5. Спроведување на промени на недвижностите во плановите за одржување на премерот - работни оригинали**

Член 67

Спроведувањето на промените настанати на недвижностите за кои е извршен увид, со или без премерување, се врши на еден примерок од работните оригинали - планови за одржување на премерот на недвижностите, изработени на коректостат плоча, односно хамер хартија.

Член 68

Спроведените промени во плановите, според член 67 од овој правилник, се пренесуваат и на еден примерок на копие од оригинал - планот на провидна фолија и на картографска хартија.

Член 69

Под спроведување на промени на недвижностите во плановите, од член 67 и 68 од овој правилник, се подразбира: нанесување на основата за картирање и контрола, картирање на деталот и негова контрола, исцртување на деталот во молив, односно исцртување на промените и топографските знаци, нумерирање на недвижностите (парцели и згради), пресметување површини на недвижностите, дефинитивно исцртување - туширање на промените и нивно пренесување на каширани скици.

Член 70

Спроведување на промените на недвижностите во плановите за одржување (на хамер, провидни фолии и кашираните скици), се врши редовно, во текот на целата година.

Член 71

Нанесувањето и контролирањето на основата за картирање, картирањето на деталот и неговата контрола, исцртувањето на промените на недвижностите на плановите за одржување, се врши според Правилникот за начинот на изготвување оригинали на геодетски планови, а исцртувањето на промените на недвижно-

стите на топографските знаци за геодетските точки и правците на полигонските страни, односно линиите на линиската мрежа и испишувањето на броевите на геодетските точки и катастарските парцели, се врши според топографскиот клуч, со црвен туш.

Поништените и изменети гранични линии на недвижностите, урнати и непостоечки згради и други објекти, како и поништените броеви на катастарските парцели, се прецртуваат во плановите за одржување на премерот, на еднаков начин како и во скицата на премерувањето.

### 6. Каширани скици

Член 72

Копие од оригинал - планот на картографска хартија, поделен на делови и залепен на картон претставува каширана скица.

Детален лист (план) во размер 1:500, 1:1000 и 1:2500 содржи 4 еднакви делови - каширани скици.

Детален лист (план) во размер 1:5000 содржи 2 еднакви делови - каширани скици.

Кашираните скици се формираат посебно по катастарски општини, а се подредуваат по редни броеви на плановите (деталните листови).

Член 73

Нумерирањето на кашираните скици се врши редоследно, со арапски броеви, почнувајќи од 1 во рамките на деталниот лист, по редови од лево на десно, односно од север кон југ.

Броевите на скиците се означуваат во вид на дропка: ($\frac{2}{5}$), во која броителот го означува редниот број на скицата, а именителот го означува бројот на деталниот лист (планот) на кој односната скица му припаѓа.

Член 74

Содржината на описот надвор од корисниот простор на кашираната скица ја сочинува: во горниот лев агол името на катастарската општина, а во горниот десен агол бројот на кашираната скица и размерот на планот.

На секоја од четирите страни на скицата се запишуваат броевите на соседните каширани скици, ако такви постојат.

Податоците од описот ќе се испишуваат надвор од корисниот простор на скицата, со големина на буквите од 5 мм, односно 3,5 мм.

Член 75

Кога деталот на плановите е картиран непрекинато, без оглед на границата на катастарските општини, на кашираните скици се извлекуваат граничните линии на катастарските општини со зелен туш, дебелина 0,5 мм и тоа покрај надворешната страна на граничната линија, а кај заедничките објекти, по средината на објектот (на целата должина на објектот на кој се протега границата на катастарската општина) и се испишуваат имињата на соседните катастарски општини. Имињата се испишуваат паралелно со граничната линија, на растојание од 10 мм и тоа со исти букви со кои се врши опис на листовите (големина на буквите 5 односно 3,5 мм).

Член 76

Спроведените и исцртаните промени на плановите за одржување (работните оригинали), преку паус хартија се пренесуваат и извлекуваат на кашираните скици, со црвен туш (како и на плановите).

Податоците од мерењата запишани на фотоскиците од премерот или графички очитани податоци од плановите за одржување (работните оригинали), по потреба се пренесуваат на кашираните скици, со молив.

### 7. Нумерирање на катастарски парцели на недвижностите

Член 77

Нумерирање на делови од катастарски парцели настанати заради делба кои и сами претставуваат парцели, се врши во вид на дропка во која броителот го претставува дотогашниот број на постојната парцела, а во именителот се внесува редниот број на новонастанатите парцели, почнувајќи од 1, па натаму (пример: парцела 256 е делена на три нови парцели: $\frac{256}{1}$; $\frac{256}{2}$; $\frac{256}{3}$).

Во случај од една претходна новонастаната парцела (пр. $\frac{256}{2}$) повторно да настане уште една нова парцела, тогаш едниот дел го задржува првобитниот број ($\frac{256}{2}$), а другиот дел добива во именителот (на дропката со кој се нумерира) број кој следи по бројот на последната претходна настаната парцела ($\frac{256}{4}$) од основната парцела (256).

Член 78

Најмал број во именителот при нумерирањето добива оная новонастаната парцела што ја задржува стариот сопственик, во колку е тоа случај, а во колку тоа не е случај, парцелата со најголема површина.

Член 79

Парцелата настаната со спојување на две или повеќе парцели или делови од парцели, како и градежна парцела, се нумерира со оној број од парцелите или деловите од парцелите од кои настанува, а која има најголема површина.

Член 80

Парцелата на новоизграден објект (канал, железничка пруга, пат, улица, плоштад и сл.) се нумерира со последователниот број на последниот на катастарската парцела во катастарската општина.

Ако објектот од претходниот став е пресечен, односно вкрстен со други објекти од поголем ранг, секој дел од тој објект добива посебен број.

Член 81

Измените на граничните линии помеѓу два поседа што настанале поради исправка на првобитна или накнадно направена грешка во премерувањето или во картирањето на деталот, како и при регулирање на меѓи (исправување на крива или неправилна меѓа во права линија), на плановите се спроведуваат без нумерирање на деловите кои се одвојуваат од една и се спојуваат со друга парцела.

Член 82

Новоизградени згради или помошни објекти, на парцела на која претходно не постоел објект, при одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите се нумерираат со редни броеви од 1 па натаму, редоследно.

Новоизградени згради, помошни објекти, на парцела на која претходно имало изградено објект, се нумерираат со броеви редоследно по последниот број на претходно изградените објекти во парцелата.

Зграда изградена на место на срушена зграда се нумерира со бројот што го имала срушената зграда на истата парцела.

Доградеи дел на зграда или помошен објект се нумерира со нов број, кој следи, по последиот број на постојните нумерирани објекти на таа парцела во која се изградени.

Надградба на објект не се нумерира посебно.

Член 83

Во случај на измени на границите на катастарската општина се врши пренумерирање на парцелите.

Пренумерирањето на парцелите се врши:

1. Кога дел на катастарската општина се припојува кон соседната катастарска општина, парцелите од тој дел се нумерираат со броеви кои следат по последниот број на парцелата на катастарската општина кон која се припојуваат;

2. Кога една катастарска општина се дели на две или повеќе нови катастарски општини, сите парцели и во едната и во другата катастарска општина мора да се нумерираат така што броевите на парцелите во секоја нова катастарска општина да отпочнат со број 1. Во едната катастарска општина, по можност, се задржува старата нумерација на парцелите;

3. Кога две или повеќе катастарски општини се спојуваат во една, во тој случај секоја од катастарските општини ги задржуваат своите имиња и броевите на своите катастарски парцели во рамките на новонастанатата катастарска општина, се до обнова на премерот на новонастанатата катастарска општина.

Во новонастанатата катастарска општина оператот на катастарот на недвижноста го чинат оператите од споените катастарски општини како негови делови.

8. **Пресметување површини на недвижностите**

Член 84

Пресметување на површините на недвижностите се врши на начин според Правилникот за начинот на изготвување на оригинали на геодетски планови.

Израмнување на површините на катастарските парцели настанати како последица на промените на недвижностите, се врши во рамките на површината на катастарската парцела, односно на површината на катастарските парцели утврдени во катастарот на недвижностите, од која односно од кои настанале новите делови.

Пресметувањето на површините на парцелите се врши во посебен образец „пресметување на површини" - образец бр. 9-ОПКН, кој е составен дел на овој Правилник.

Образецот „пресметување на површини" ги содржи следните податоци од катастарскиот оперaт: „стара состојба" со број на парцелата, нејзината површина и број на планот на кој се најдува, како и „нова состојба", во кој дел од образецот се врши пресметување на површините на поединечните делови од парцелата која е делена и површините на земјиштето под објекти кои се изградени на тие делови.

Стручното лице, по извршеното пресметување на површините, се потпишува со цело име и презиме.

Одговорно стручно лице врши контрола на пресметувањето на површините, а исправноста на пресметувањето ја оверува со свој потпис за секој случај посебно.

9. **Премерување при делба на парцели во претходна постапка**

Член 85

Премерувањето во претходна постапка се врши при делба на парцела која настанала под услови пропишани со закон.

Член 86

Премерување на претходна постапка при делба на парцела заради реализација на урбанистички решенија во градовите или населбите од градски карактер, како и при експропријација на земјиште се врши според Правилникот за начинот на изготвување на нумерички податоци на недвижностите.

Член 87

Премерување во претходна постапка при делба на парцела заради потребата од настанување на начин со закон дозволено правно дејство помеѓу заинтересирани лица се врши:

- во случај кога новонастанатите делови од парцелата се физички обележани на земјиштето; и
- во случај кога новонастанатите делови од парцелата се условно дефинирани со своите површини во рамките на постојната катастарска парцела, а не се обележени на терен.

Член 88

Во случај кога новонастанатите делови од парцелата се физички обележани на теренот со поставување на гранични белеги, се врши премерување на новата состојба со изработка на скица од теренското мерење.

Врз основа на податоците од премерувањето на промената од став 1 на овој член, се врши обработка на промената: картирање на планот, исцртување во молив на новата состојба и пресметување на површини на парцелите според новата состојба на теренот и изработка на список на пријави.

Член 89

Во случај кога деловите од парцелата се условно дефинирани со своите површини во рамките на постојната катастарска парцела се спроведува постапка во следните фази:

1. Врз основа на условените површини на деловите од парцелата се проектираат на план нови граници на делбените парцели и се обезбедуваат податоци за нивно пренесување на терен;

2. Се пренесуваат (исколчуваат) на терен новопроектираните граници и се врши нивно обележување со трајни белези;

3. Се врши премерување на новата состојба со изработка на теренска скица-мануал и список на пријави;

4. Врз основа на теренските податоци од премерувањето на промената се врши канцелариска обработка: картирање, исцртување во молив, пресметување на површините за деловите и се формира список на пријави.

Член 90

По извршеното премерување на промените, заинтересираната странка добива копие од „скица од претходно теренско мерење", од претходната постапка.

Копието од став 1 на овој член содржи цртеж на промената како копие од планот ориентиран кон север со внесени податоци од премерувањето, површина за новите делови и други податоци за делбените парцели.

Скицата од став 1 на овој член, образец бр. 10-ОПКН е составен дел на овој правилник.

Член 91

По издавањето на копието од претходниот член, пријавата заедно со теренските и канцелариските податоци за промената се архивира под деловодниот број на пријавата и мирува до донесување соодветен правен акт, како основ за дефинитивно спроведување на промената.

Член 92

По донесувањето на правно уреден акт, како основ за утврдување на промената, се врши дефинитивно спроведување во катастарот на недвижностите на начин опишан во овој правилник.

### 10. Спојување на парцели

Член 93

Промена настаната со спојување-групирање на две или повеќе катастарски парцели во една, на ист носител на правото на сопственост на недвижноста, се спроведува на следниот начин:

– во катастарските планови се прецртува граничната линија и бројот на катастарските парцели што се спојуваат, со тоа што се задржува бројот на парцелата со најголема површина;

– измени во однос на катастарската класа се врши според Правилникот за начинот на катастарското класирање на земјиштето.

### 11. Премерување заради исправка на погрешно утврдени меѓи

Член 94

Грешките настанати со премерот или со дополнителното премерување, а кои се пријавуваат или откриваат при одржувањето на премерот и катастарот на недвижностите, се земаат во постапка, по службена должност.

Член 95

Во случаи кога грешката неможе да се востанови и отклони во канцеларија се врши увид и премерување на самото место и за утврдената состојба се изготвува записник.

Записникот и списокот пријави со внесените податоци со кои се врши исправка на пријавената грешка го потпишуваат заинтересираните странки и геодетското стручно лице кое го врши премерувањето.

Член 96

Во случај при премерувањето, заради исправка на грешка од премерот, да настане спор во врска со граничната линија, која заинтересираните странки заеднички спогодбено ја обележиле, тогаш премерувањето се прекинува до расчистување на имотно-правниот однос.

### 12. Промени заради измена на размерот на геодетските планови

Член 97

Измена на размерот на геодетските планови од поситен во покрупен размер, на подрачје на кое е веќе востановен катастар на недвижностите и се изработени катастарски планови, се врши врз основа на акт донесен од надлежен орган.

Член 98

Границите на подрачјето на кое се врши измена на размерот на плановите се исцртуваат со жолт молив на постојните планови во двете размери.

Член 99

За подрачјето за кое се врши измена на размерот на плановите се врши и ново премерување на недвижностите.

Член 100

За подрачјето на кое е извршено ново премерување на недвижностите во смисла на член 99 од овој Правилник, се изработуваат нови оригинали на геодетски планови.

Изготвувањето на новите оригинали на геодетски планови се врши на начин пропишан со Правилникот за начинот на изготвување на оригинали на геодетски планови.

Член 101

Новите оригинали на геодетските планови од член 100 на овој Правилник се означуваат во рамките на основната номенклатура од поделбата на деталните листови во односната размера.

Член 102

Нумерирањето на катастарските парцели на новите оригинали на геодетските планови изработени за подрачјето на кое е извршено ново премерување се врши со арапски броеви по редот на растење, почнувајќи од наредниот број на последната катастарска парцела во катастарската општина.

Член 103

Пресметување на површините на катастарските парцели на оригиналите на подрачјето за кое се тие изработени се врши според Правилникот за начинот на изготвување на оригинали на геодетски планови.

Член 104

Врз основа на актот од член 97 од овој Правилник како правен основ, а со податоците добиени со новото снимање на подрачјето на кое е изменет размерот на геодетските планови, се врши спроведување на измените во списокот на измени и во другите делови од катастарскиот операт, на начин според овој Правилник.

## IV. СЛЕДЕЊЕ И НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 105

Доколку во постапката на излагање на јавен увид на податоците од премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите (излагањето), на одредена недвижност не се утврдени и запишани правата на недвижностите, тие права ќе се утврдат во постапка на одржувањето на катастарот на недвижностите, според одредбите на Правилникот за начинот и постапката на излагањето на јавен увид на податоците за недвижностите и начинот на запишувањето на правата на недвижностите.

Член 106

Под следење на настанати промени на недвижностите се подразбира постојано спроведување на податоците за недвижностите, од фактичката состојба на лице место, утврдена на теренот, со состојбата на податоците во катастарот на недвижностите.

За утврдената промена на недвижностите, како фактичка состојба на теренот, се вршат потребните премерувања по службена должност регулирани со одредбите на овој Правилник.

Член 107

Секоја промена настаната на недвижностите за која е поведена постапка за нејзино утврдување, се спроведува во катастарот на недвижностите, ако е основано утврдена промената, во рок од 30 дена за промените од канцелариски карактер, односно за 60 дена за промените од теренски карактер.

Кога е поведена постапка за промена на правата на недвижностите, во катастарот на недвижностите ќе се изврши прибележување на постапката во рок од три дена.

Член 108

Увид на податоците од катастарот на недвижностите, како јавна книга, се врши во просториите на Републичката геодетска управа – Одделение за премер

и катастар во општината и во присуство на овластено лице.

Одделението за премер и катастар на барање на заинтересирани органи, организации и други правни лица и граѓани, издава исправи за фактите, односно податоците (извод од имотен лист, копие од катастарски план, фото-копие, од скицата со податоци за зградата и посебни делови од зградата и друго), содржани во катастарот на недвижностите со кои располага, доколку издавањето на одделни податоци не е поинаку определено.

Копието од катастарскиот план - ОПКН бр. 11 е составен дел на овој правилник.

Член 109

За недвижност за која не се утврдени права, односно се евидентирани, се издава уверение, копие од катастарскиот план, односно фото-копие од скицата со податоци за зградата и посебните делови од зградата, со кои се даваат податоци за недвижноста прибрани со премерот.

Издаденото уверение и копие од катастарскиот план, односно фото-копие од скицата со податоци на зградата и посебни делови од зградата, од став 1 на овој член, содржат клаузула дека тие неможат да послужат за докажување на правото на сопственост.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 110

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-2620
12 декември 1995 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж Димитар Попов, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ____________

Катастарска општина ____________

Образец бр. 1 - ОПКН

### ПРИЈАВА
за настаната промена на недвижноста

Податоци за подносителот на правата:

______________________________________________

/презиме, татково име и име, име на правното лице/

______________________________________________ ____________

/место на живеење, улица и куќен број, односно седиште на правното лице/ /единствен матичен број/

Податоци за новиот носител на правата:

______________________________________________

/презиме, татково име и име, име на правното лице/

______________________________________________ ____________

/место на живеење, улица и куќен број, односно седиште на правното лице/ /единствен матичен број/

Податоци за недвижноста:

За земјиштето: КП. бр.______________________________

______________________________________________

/место викано/

За згради, делови од згради и помошни објекти:______________________________

______________________________________________

/број на зградата-објектот, број на влезот, број на катот,

______________________________________________

број на станот, број на собност/

Вид на промена:______________________________

/промена на носител на правото, вид на сопственост,

______________________________________________

товар и ограничување, промена на катастарска култура, за објекти - изградба,

______________________________________________

доградба и надградба/

Изјава:

______________________________________________

/катастарската парцела на која настанала промената е обележена

______________________________________________

со видни трајни белеги, при потреба од теренско мерење/

Ознака за карактерот на промената:______________________________

______________________________________________

/теренска или канцелариска, се означува, пополнува Републичка геодетска управа/

Прилог/исправи - документи/:

______________________________________________

Датум на поднесувањето
на пријавата
____________

Во часот ________

____________
/потпис на подносителот/

РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

-Одделение за премер и катастар-________

Образец број 2-ОПКН

# ДЕЛОВОДЕН ПРОТОКОЛ

(ТЕРЕНСКИ-04)

| Реден број | Број на пријавата | Дата на пристигање и час | Подносител на пријавата | Место на живеење за правните лица седиште | ОСНОВ НА ПРОМЕНАТА: Продажба | | Делба | | Наслед-ство | | Размена | | Подарок | | Одлука на држ. орган | | Промена заради грешка | | Промена на култура | | Хипотека | | и други основи | | ОПШТИНА | Ознака на интерната книга | РАЗВОД | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | К.О. | Ред.бр. на инт. книга | Дата | Ознака | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

-Одделение за премер и катастар-________

**Образец број-3 ОПКН**

# ДЕЛОВОДЕН ПРОТОКОЛ

(КАНЦЕЛАРИСКИ-05)

| Реден број | Број на пријавата | Дата на пристиг. и час | Подносител на пријавата | Место на живеење за правните лица седиште | ОСНОВ НА ПРОМЕНАТА: Продажба | | Делба | | Наслед-ство | | Размена | | Подарок | | Одлука на држ. орган | | Промена заради грешка | | Промена на култура | | Хипотека | | и други основи | | ОПШТИНА | Ознака на интерната книга | РАЗВОД | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | с. | п. | К.О. | Ред.бр. на инт. книга | Дата | Ознака | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

К.О. ______________ ШИФРА ______

## СПИСОК НА ПРИЈАВИ НА ЗЕМЈИШТЕ

| С Т А Р А С О С Т О Ј Б А | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Деловоден протокол | Број на имотен лист | Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижноста за граѓанинот (презиме, татково име, име и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имот | Број на: Парцела | Број на: Дел | Број на: Зграда | Катастарска култура | Кат. класа | Бон. класа | Викано место (месност) улица | Број на: План | Број на: Скица | Површина: ха | Површина: а | Површина: м | Град. парцела | Укнижување | Прибележување | Вид на промена - теренска - канцелариска |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | | 16 | | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Републичка геодетска управа Образец бр.4 - ОПКН Стр.____

| Н О В А С О С Т О Ј Б А | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на имотен лист | Матичен број на граѓанинот - или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижноста за граѓанинот (презиме, татково име, име и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имотот | Број на: парцела | Број на: дел | Број на: зграда | Катастарска култура | Кат. класа | Бон. класа | Викано место (местност) улица | Број на: план | Број на: скица | Површина: ха | Површина: а | Површина: м² | Град. парцела | Укнижување | Прибележување | Ред.бр.на повторна промена | Има или нема основ на промена | Ред.бр.на список промени |
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | | 34 | | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## СПИСОК НА ПРИЈАВИ. ЗА ЗГРАДИ

К.С. ______________ ШИФРА ______

| | С Т А Р А | | | | С О С Т О Ј Б А | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Деловоден протокол | Број на имотен лист | Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на право на недвижноста (презиме, татково име, име и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имотот | Број на пар-цела | дел | зграда | влез | спрат | стан | Намена на зградата | Вид на промена | Викано место (месност) улица | Бр. на спратови | Бр. на станови | материјал на градба | собност | осн. на град. | Површина ха | а | м2 | Година на градба | Укнижување | Прибележување | град. парцела | Број на имотен лист |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | | | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Републичка геодетска управа

Образец бр.5 – ОПКН Стр.____

| | | Н О В А | | | | | | С О С Т О Ј Б А | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижноста (презиме, татково име, име и адреса) за правнете лица (име и седиште) | Дел на имотот | Број на пар-цела | дел | зграда | влез | спрат | стан | Намена на зградата | Вид на промена | Викано место (месност) улица | бр. на спратови | бр. на станови | материјал на градба | собност | осн. на градба | Површина ха | а | м2 | година на градба | Укнижување | Прибележување | ред. бр. на повторена промена | градежна парц. | Има или нема основ на промена | реден број во список на промени |
| 27 | 27 | 29 | 30 | | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | | 43 | | 44 | 45 | 46 | 47 | 48 | 49 | 50 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

К.О. ______________ ШИФРА ________

## СПИСОК НА ПРОМЕНИ ЗА ЗЕМЈИШТЕ

| Реден број | СТАРА СОСТОЈБА: Деловоден протокол | Број на имотен лист | Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижноста за граѓанинот (презиме, татково име, име и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имотот | Број на: Парцела | Дел | Зграда | Катастарска култура | Кат. класа | Бон. класа | Викано место (месност) улица | Број на: План | Скица | Површина ха а м² | Град. парцела | Укнижување | Прибележување | Број на имотен лист |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Републичка геодетска управа Образец бр.6-ОПКН стр. ______

| Вид на промена | НОВА СОСТОЈБА: Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижноста за граѓанинот (презиме, татково име, име и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имотот | Број на: Парцела | Дел | Зграда | Катастарска култура | Кат. класа | Бон. класа | Викано место (месност) улица | Број на: план | скица | Површина ха а м² | Град. парцела | Укнижување | Прибележување | Ред. бр. на повторни промени | Основ на промена | Ред. бр. на сп. пријави |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

КО ____________ шифра ________ СПИСОК НА ПРОМЕНИ ЗА ЗГРАДИ

| СТАРА СОСТОЈБА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Деловоден протокол | Број на имотен лист | Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижностите за граѓанинот (презиме, татково име, име и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имотот | Број на: пар-цела | дел | зграда | влез | спрат | стан | намена на зграда | Вид на промена | Викано место (месност) улица | Бр. на спратови | Бр. на станови | Материјал на градба | собност | основ. на град. | Површина ха \| а \| м² | година на градба | Укнижување | Прибележување | град. парцела | Број на имотен лист |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Републичка геодетска управа Образец бр.7 – ОПКН Стр.______

| НОВА СОСТОЈБА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Матичен број на граѓанинот или правното лице | Податоци за носителот на правото на недвижностите: за граѓанинот – презиме татково име и име, и адреса) за правното лице (име и седиште) | Дел на имотот | Број на: пар-цела | дел | зграда | влез | спрат | стан | намена на зграда | Вид на промена | Викано место (местност) улица | Бр. на спратови | Бр. на станови | Материјал на градба | собност | основ на градба | Површина ха \| а \| м² | Година на градба | Укнижување | Прибележување | Реден број на повторна пром. | град. парцела | Основ на промената | Реден број на список пријави |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | 44 | 45 | 46 | 47 | 48 | 49 | 50 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

# ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПОВРШИНАТА

КО ____________ Образец бр.9 – ОПКН

| Досегашна состојба | | | | | НОВА ПОЛОЖБА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на планот | Број на парцелата | Површина | | | Број на парцелата | I Пресметување | | | | | II Пресметување | | | | | Средина | | | Разлика | | Конечна површина | | | Под зграда | Забелешка |
| | | Ха | А | m² | | Податок | Читање | Површина Ха | А | m² | Податок | Читање | Површина Ха | А | m² | Ха | А | m² | + | — | Ха | А | m² | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Пресметал: ______
(име презиме и потпис)

______ 199__ год.

Образец бр.8 - ОПКН

## СКИЦА ОД ТЕРЕНСКОТО МЕРЕЊЕ

РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

ОПШТИНА ____________________

КАТ.ОПШТИНА ________________

Список на пријави бр. _____ 19___год

Број на имотен лист: ______________

Број на планот_________Р=1:__________

Број на каш.скица ________________

Спроведено во кат.план и

список пријави ___________
/датум/

МЕРЕЊЕТО ГО ИЗВРШИЛ НА ДЕН

________________________
/име и презиме/

ПРЕГЛЕДАЛ: ______________

Образец бр.10-ОПКН

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА**
**-Одделение за премер и катастар**

**Бр.** ______________

______________ **199__ год.**

**СКИЦА ОД ПРЕТХОДНО ТЕРЕНСКО МЕРЕЊЕ**

Оваа скица, од претходната геодетска постапка, може да послужи исклучиво за договарање меѓу странките

Таксата е наплатена со поднесокот

| Презиме татково име и име на имателот или име на правното лице | Имотен лист | Место на живее или седиште | Куќни број | Дел од имотот |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |

| Број на парцелата | | Вонкое место или улица се наога парцелата | Култура | Класа | Површина | | | Катастарски доход | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | Х | А | м² | денари | п | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | Вкупно | | | | | | | | |

К.О.______________ Д.Л.__________ Р.__________

| Извршување на К.П. | | Тарифа |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

Изработил,

______________________

Раководител,

______________________

Образец бр.11 - ОПКН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА
-Одделение за премер и катастар-

Бр. ______ ______

______ 199___ год.

## КОПИЕ ОД КАТАСТАРСКИОТ ПЛАН

ЗА КАТ. ПАРЦЕЛА ______________

К.О. ______________ размер: ______________

ИМОТЕН ЛИСТ БР. ______________

ТАКСАТА Е НАПЛАТЕНА СО ПОДНЕСОКОТ

| ПРЕЗИМЕ, ТАТКОВО ИМЕ И ИМЕ НА СОПСТВЕНИКОТ ИЛИ ИМЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ | Место каде живее или седиште | Куќен број | дел на [illegible] |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Број на парцелата | | Во која месност или улица се наоѓа парцелата | Кат. култура | Кат. класа | површина | | | Парцелата се наоѓа | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | ха | а | м² | Во градежен реон | Вон градежен реон |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Изработил: ______________ (Име, презиме и потпис)

Раководител на подрачна единица ______________

**1619.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 8.12.1995 година, Комисијата издава

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. НА ТЕТОВСКА БАНКА АД ТЕТОВО и се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – втора емисија на акции во вредност од 121.500.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-115/1
15 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески**, с.р.

**1620.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија и член 70 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 29 ноември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 42/77).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија, по поднесена иницијатива од Слободан Киселоски од Прилеп, со Решение У. бр. 208/95 од 4 октомври 1995 година, поведе постапка за оценување уставноста на Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со одредбите од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека оспорениот закон, покрај заедничките одредби (чл. 1–8), содржи одредби за избор, отповик и разрешување на органите во основната организација (чл. 9–53), избор и отповик на органи во работната организација (чл. 54–63), избор и отповик на органи во сложена организација на здружениот труд (чл. 64), заштита на избирачкото право (чл. 65–69), посебни одредби (чл. 70–73) и преодни и завршни одредби (чл. 74–76). Така, во заедничките

одредби, покрај другото, се уредува дека: изборот и отповикот на делегатите во работничкиот совет во ОЗТ, кој се врши врз основа на еднакво и непосредно избирачко право (член 1); членовите на органот на самоуправната работничка контрола во ООЗТ ги избираат и отповикуваат работниците на основната организација непосредно; и, дека тоа се врши врз начелата на делегатскиот систем (член 2); членовите на извршниот орган ги избира работничкиот совет (член 3); работоводниот орган на ОЗТ го именува работничкиот совет и дека за ОЗТ што вршат дејност, односно работа од посебен општествен интерес со закон можат да се пропишат посебни услови и начин на именување на работоводен орган (член 4); се определуваат организациите и заедниците на кои во основа се применуваат одредбите на законот (банки, заедници на осигурување, деловни заедници, задруги, самоуправни интересни заедници, општествени и општествено-политички заедници, општествени и општествено-политички организации, други самоуправни организации и заедници и нивни здруженија (член 8 од Законот).

Во главата за избор, отповик и разрешување на органите во основната организација, се уредуваат прашањата за: избор на работничкиот совет; предлагање и утврдување на кандидатите; гласања и утврдување на резултатите од гласањето; избор на делегати од редот на работниците што засноваат работен однос на определено време; услови и начин на отповик;избор и отповик на орган на самоуправна работничка контрола, и именување и разрешување на индивидуалниот односно претседателот и членовите на колегијалниот работоводен орган.

Во главите за избор и отповик на органи во работната организација и на сложената организација на здружениот труд, покрај повикувањето на соодветна примена на одредбите од претходната глава, се уредуваат и посебните прашања што произлегуваат од карактерот на овие организации.

Во главата за заштита на избирачкото право, покрај механизмите на таквата заштита во рамките на соодветната ОЗТ, се уредува и улогата на собранието на општината, органот на самоуправната работничка контрола, општествениот правобранител на самоуправувањето и синдикалната организација во заштитата на тие права, како и нивната заштита пред основните и Судот на здружениот труд на Македонија.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3, 6 и 7 од Уставот, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се и: владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото.

Според член 51 став 1 од Уставот, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите, а според ставот 2 на овој член, секој е должен да го почитува Уставот и законите.

Со член 58 став 1 од Уставот се уредува дека сопственоста и трудот се основа за управување и учество во одлучувањето, а според ставот 2 од овој член на Уставот, учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби, а имајќи ги предвид и другите крупни промени што настанаа во правниот систем на Републиката што се одразуваат низ Уставот на Република Македонија, Судот оцени дека Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд, содржи суштински и терминолошки неусогласености, поради што не е во согласност со Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите: Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 208/95
29 ноември 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с. р.

**1621.**

Врз основа на член 35 од Законот за банки и штедилници (Служben весник на Република Македонија бр. 31/93 и 78/93) и член 70 точка 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ ОТВОРЕНИ ДЕВИЗНИ ПОЗИЦИИ НА БАНКИТЕ

1. Во Одлуката за утврдување и пресметување отворени девизни позиции на банките („Службен весник на РМ“ бр. 38/95) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Во точка 3 став 1 процентот „10%“ се заменува со „30%“;

б) Во точка 3 став 2 процентот „30%“ се заменува со „50%“;

в) Во точка 3 став 3 процентот „40%“ се заменува со „60%“, а заградата и зборовите во неа “(активна или пасивна)“ се бришат;

г) Во точка 3 по ставот 3 се додава нов став кој гласи:

„Отворената девизна позиција по одделна валута, отворената збирна денарска позиција и отворената агрегатна девизна позиција може да прикажуваат негативен износ до 10% од гарантниот капитал на банката“;

д) Во точката 9, точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и по неа се додаваат зборовите: „освен во случаи кога надминувањата се должат на примената на Одлуката за најмалиот, односно најголемиот износ на девизи кој овластените банки за работа со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство од 1.01. до 31.03.1996 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/XLIII - 13/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

**1622.**

Врз основа на член 70 став 1 точка 23 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII-та седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоци за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија(„Службен вес-

ник на РМ", бр. 82/92, 68/93, 28/94, 67/94, 22/95 и 56/95) се вршат следните измени и дополнувања:

- во точка 4 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во надоместокот на услугите во точка 1 на оваа одлука не е пресметан данокот на промет на услуги, кој паѓа на товар на корисникот на услугата";

- во точката 33.5:

- потточка 1. се менува и гласи:

1. „Провизија за разгледување на барање за издавање дозвола за основање на банка 100.000 денари

Провизија за разгледување на барање за издавање дозвола за основање на штедилница 50.000 денари"

- во потточка 2. износот „30.000" се заменува со износот „50.000";

- во потточка 3. износот „10.000" се заменува со износот „20.000";

- во потточка 4. износот „30.000" се заменува со износот „50.000";

- во потточка 5. износот „30.000" се заменува со износот „50.000";

- во потточка 6. износот „10.000" се заменува со износот „20.000";

- во потточка 7. износот „15.000" се заменува со износот „20.000";

Член 2

2. Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О бр 02-15/XLIII 10/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски,** с.р.

**1623.**

Врз основа на член 15 став 2 точка 11 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на РМ", бр. 31/93 и 78/93), член 56 и 70 точка 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII-та седница, одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА И ПОСТАПКАТА ЗА ОЦЕНКА НА БАРАЊАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ И СОГЛАСНОСТИ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА БАНКИ И ШТЕДИЛНИЦИ

1. Во глава I потточка 5 во став 1 од точката г) од Одлуката за документацијата и постапката за оценка на барањата за издавање на дозволи и согласности според одредбите од Законот за банки и штедилници („Службен весник на РМ", бр. 29/94 и 25/95) зборовите „повеќе од 5% од вкупниот основачки влог" се бришат.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XLIII-8/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски,** с.р.

**1624.**

Врз основа на член 94 став 2 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на РМ", бр. 31/93 и 78/93) и член 70 точка 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија(„Службен весник на РМ", бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на XLIII-та седница, одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА АКТИВНИТЕ БИЛАНСНИ И ВОНБИЛАНСНИ СТАВКИ НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА НИВНАТА РИЗИЧНОСТ

1. Во Одлуката за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки на банките и штедилниците според степенот на нивната ризичност („Службен весник на РМ", бр. 10/94 и 56/95) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Во глава II точка 10 ставовите 2, 3 и 4 се бришат, а досегашниот став 5 станува став 2;

б) Во глава III точка 11 став 1 алинеја 5, по буквата „Д", точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „и пресметаната камата на кредитите кои добиле третман на нефункционални кредити".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XLIII-7/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски,** с.р.

**1625.**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија", бр. 31/93 и 78/93) и член 70 од Законот за Народна банка на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија", бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата XLIII-та седница, одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Во Одлуката за висината и начинот на формирање на посебна резерва на банките и штедилниците („Службен весник на РМ" бр. 10/94) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Во точка 2 став 1, по зборот „категории" се додава „А", и по буквата „Д" се додава „и пресметаната камата на кредитите кои добиле третман на нефункционални кредити";

б) Во точка 2 став 2, зборовите „до висина на остварениот доход" се бришат;

в) Во точка 3, зборот „шестмесечно" се заменува со зборот „тримесечно", запирката до него се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/XLIII-6/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски,** с.р.

**1626.**

Врз основа на членовите 10, 11 и 18 став 1 точка 3, член 20 став 1 и член 70 точка 7 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 26/94, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII-та седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, ИЗДВОЈУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Штедилниците пресметуваат, издвојуваат и користат задолжителна резерва кај Народна банка на Репу-

блика Македонија во висина, на начин и во рокови кои се утврдени со оваа одлука.

2. Штедилниците пресметуваат и издвојуваат задолжителна резерва:

– по стапка од 4% од просечната месечна состојба на штедните влогови по видување и на штедните влогови орочени до 3 месеци;

– по стапка од 1,5% од просечната месечна состојба на штедните влогови орочени над 3 месеци.

3. Просечната состојба од алинеја 1 и 2 од точка 2 на оваа одлука се пресметува така што се собираат дневните состојби на депозитните сметки за секој работен ден во претходниот пресметковен период, а добиените збирови се делат со бројот на работните денови во тој пресметковен период. Така, пресметаната просечна состојба се множи со стапките определени во алинеја 1 и 2 од точка 2 од оваа одлука, а добиениот износ претставува обврска за издвојување на задолжителна резерва за периодот од 11-ти во тековниот месец до 10-ти во следниот месец.

Како работен ден во смисла на оваа одлука се смета и сабота.

4. Извештајот за пресметување и издвојување на задолжителната резерва согласно со точка 3 од оваа одлука штедилниците го доставуваат до Народна банка на Република Македонија на 11-ти во месецот.

Извештаите од оваа точка банките ги составуваат на обрасци пропишани од Народна банка на Република Македонија.

5. Задолжителната резерва пресметана во смисла на оваа одлука банките ја издвојуваат кај Народна банка на Република Македонија со пренос на средствата на посебна сметка за издвоена задолжителна резерва на банките.

6. Средствата на задолжителната резерва штедилниците ги користат за исплата на штедни влогови на граѓаните без ограничување во случај кога гувернерот на Народна банка на Република Македонија со Одлука ќе утврди дека се исполнети условите за воведување постапка за ликвидација или стечај на штедилницата.

7. Средствата на издвоената задолжителна резерва штедилниците можат да ги користат за одржување на својата дневна ликвидност со пренесување на тие средства од задолжителната резерва на жиро-сметката на штедилницата.

8. Првата пресметка на задолжителната резерва по просечни дневни книговодствени состојби на депозитите, банките ја составуваат за февруари 1996 година.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 6/94) и Одлуката за начинот и условите за користење на задолжителната резерва на банките и штедилниците, за одржување на нивната дневна ликвидност („Службен весник на РМ“, бр. 27/92, 63/93, 6/94, 52/94 и 15/95).

10. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.02.1996 година.

О. бр. 02-15/XLIII-5/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

**1627.**

Врз основа на членовите 10, 11 и 18 став 1 точка 3, член 20 став 1 и член 70 точка 7 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 26/94, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII-та седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, ИЗДВОЈУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НИВНАТА ДНЕВНА ЛИКВИДНОСТ

1. Банките пресметуваат, издвојуваат и можат да ја користат задолжителната резерва за одржување на дневната ликвидност кај Народна банка на Република Македонија во висина, на начин и во рокови кои се утврдени со оваа одлука.

2. Банките пресметуваат и издвојуваат задолжителна резерва:

– по стапка од 8% од просечната месечна состојба на депозитните пари, депозитите по видување и орочени до три месеци, на средствата обезбедени со издавање на хартии од вредност со рок до 3 месеци, на кредити добиени од правни лица и население со рок на достасување до 3 месеци и на останати депозити по видување со рок на стасување до 3 месеци;

– по стапка од 3,5% од просечната месечна состојба на депозитите орочени над 3 месеци, на средствата обезбедени со издавање на хартии од вредност над 3 месеци, на кредити обезбедени од правни лица и население над 3 месеци и на останати депозити чии рок на стасување е над 3 месеци.

За орочен депозит над 3 месеци не се смета остатокот од орочениот депозит чиј што депонент делумно ги подигнал орочените средства пред договорениот рок.

Банките не пресметуваат задолжителна резерва на: девизните депозити, кредитите добиени од Народна банка на Република Македонија, од банките и штедилниците и на одредени денарски депозити на странски лица.

3. Просечната состојба од алинеја 1 и 2 од точка 2 на оваа одлука се пресметува така што се собираат дневните состојби на депозитните сметки за секој работен ден во претходниот пресметковен период, а добиените збирови се делат со бројот на работните денови во тој пресметковен период. Така пресметаната просечна состојба се множи со стапките определени во алинеја 1 и 2 од точка 2 од оваа одлука, а добиениот износ претставува обврска за издвојување на задолжителна резерва за периодот од 11-ти во тековниот месец до 10-ти во следниот месец.

Како работен ден во смисла на оваа одлука се смета и сабота.

4. Обврската согласно со точка 3 банките ја исполнуваат така што просечниот износ на издвоената задолжителна резерва во периодот од 11-от ден во тековниот месец до 10-от ден во следниот месец е еднаков најмалку на износот на задолжителната резерва кој банките се должни да го обезбедат за тој период.

5. Извештајот за пресметување и издвојување на задолжителната резерва согласно со оваа одлука банките го доставуваат до Народна банка на Република Македонија на 11-ти во месецот.

Користењето и исполнувањето на обврската при користење на задолжителната резерва, Народна банка на Република Македонија ги следи дневно, а банките доставуваат извештај до Народна банка на Република Македонија на 13-ти во месецот.

Извештаите од оваа точка банките ги составуваат на обрасци пропишани од Народна банка на Република Македонија.

6. Задолжителната резерва пресметана во смисла на оваа одлука банките ја издвојуваат кај Народна банка на Република Македонија со пренос на средствата на посебна сметка за издвоена задолжителна резерва на банките.

7. Банките можат да ги користат средствата на задолжителна резерва за одржување на својата дневна ликвидност во текот на денот најмногу до 20% од со-

стојбата на издвоените средства при што, се должни во текот на истиот пресметковен период да го надоместат износот на користењето и да го обезбедат просекот согласно точките 3 и 4 од оваа одлука.

Средствата на издвоената задолжителна резерва банките можат да ги користат за одржување на својата дневна ликвидност со пренесување на тие средства од задолжителната резерва на жиро-сметката на банката.

По исклучок од став 1 на оваа точка банките можат средствата на задолжителна резерва да ги користат за:

- исплата на штедните влогови и тековни сметки на граѓаните, без ограничување, во случај кога гувернерот на Народна банка на Република Македонија со одлука ќе утврди дека се исполнети условите за воведување постапка на ликвидација или стечај кај банката;

- исплата на акцептни налози што Народна банка на Република Македонија ќе ги поднесе за наплата.

Под исплата на штедни влогови, односно исплата на тековни сметки на граѓани во смисла на став 2 алинеја 1 од оваа точка се подразбираат следните исплати:

- готовински исплати по штедни влогови и тековни сметки на граѓани;

- исплата на превземената обврска на имателот на тековна сметка спрема неговите доверители (плаќање на електрична енергија, телефон, комунални услуги, кредит и сл);

- извршување на налог за исплата на друга банка или друго правно лице, која веќе извршила исплата по штедните влогови и тековните сметки на нејзините депоненти.

8. Ако банката користи задолжителна резерва, над 20%, во наредните 15 работни дена не може да поднесува налози за давање кредити и за вршење на други пласмани, освен за пласмани во хартии од вредност и продажба на депозити на Народна банка на Република Македонија.

9. Првата пресметка на задолжителната резерва по просечни дневни книговодствени состојби на депозитите, банките ја составуваат за февруари 1996 година.

10. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 27/92, 38/92, 40/92, 63/92, 78/92, 45/93, 63/93, 73/93, 6/94 и 28/94) и Одлуката за начинот и условите за користење на задолжителната резерва на банките и штедилниците за одржување на нивната дневна ликвидност („Службен весник на РМ", бр. 27/92, 63/93, 6/94, 52/94 и 15/95).

11. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.02.1996 година.

О. бр. 02-15/XLIII-4/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

---

**1628.**

Врз основа на член 17 и член 70 точка 12 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на XLIII-та седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ И НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО I-то ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1966 ГОДИНА

1. Банките и штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните до 0,5% на 31 јануари 1966 година, до 1% на 29 февруари 1996 година и до 1,6% на 31 март 1996 година, кумулативно во однос на дозволената состојба на тие пласмани на 31.12.1995 година регулирана со соодветни одлуки на Народна банка на Република Македонија.

2. Под денарски пласмани во смисла на оваа одлука се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка I и II од Одлуката за методологијата на утврдување на вкупните денарски побарувања на банките и штедилниците кои се под ограничување („Службен весник на РМ", бр. 56/95).

3.Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банките и штедилниците ќе и доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот два дена по рокот предвиден за доставување на КЊ-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките и штедилниците).

4. Извештаите од точка 4 на оваа одлука банките и штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РМ", а ќе се применува од 01.01.1996 година.

О. бр. 02.15/XLIII-3/95
21 декември 1995
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на
Република Македонија
Гувернер
м-р **Борко Станоевски, с.р.**

**1629.**

Врз основа на член 70 точка 5 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII-та седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИТЕ ДЕНАРСКИ ПОБАРУВАЊА НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОД ОГРАНИЧУВАЊЕ

1. Во Одлуката за медотологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банките и штедилниците кои се под ограничување („Службен весник на РМ", бр. 56/95) се вршат следните дополнувања:

а) Во глава I се додава нова точка 4 која гласи:

„4. Побарувања од локалните органи на власта и институциите во државна сопственост.

4.1. Краткорочни побарувања од локалните органи на власта и институциите во државна сопственост.

- сметки: 4111, 4112, 4113, 4114, 4115, 4116, 4117, 1601.

4.2. Долгорочни побарувања од локалните органи на власта и институциите во државна сопственост.

- сметки: 5111, 5112, 5113,5114, 5115, 5116, 5117, 5311, 5312, 5313, 5314, 5315, 5316, 5317.

4.3. Достасани ненаплатени побарувања од локалните органи на власта и институциите во државна сопственост.

- сметки: 4119, 5119, 5319.

4.4. Сомнителни и спорни побарувања од локалните органи на власта и институциите во државна сопственост.

- сметка: 0841".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РМ".

О. бр. 02.15/XLIII-2/95
21 декември 1995 година

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

---

**1630.**

Врз основа на член 70 точка 5 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 26/92, 4/93 и 29/93), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата XLIII-та седница одржана на 21.12.1995 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА ВКУПНИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски пласмани на банките и штедилниците („Службен весник на РМ", бр. 56/95) се вршат следните измени и дополнувања:

а) Во глава I точка 1 потточка 1.1. се брише следната сметка:

- под 1.1.1. сметката:

1611.

б) Во глава I точка 1 потточка: 1.2. се бришат следните сметки:

- под 1.2.1. сметките:

1601, 4111, 4112, 4113, 4114, 4115, 4116, 4117;

- под 1.2.2. сметките:

5111, 5112, 5113, 5114, 5115, 5116, 5117, 5311, 5312, 5313, 5314, 5315, 5316, 5317;

- под 1.2.3. сметките:

4119, 5119, 5319 и

- под 1.2.4. сметката:

0841.

в) Во глава I се додава нова точка 6 која гласи:

**„6. Побарувања од локалните органи на власта и институциите во државна сопственост.**

6.1.Пласмани во девизи

6.1.1. Краткорочни пласмани во девизи:

- сметка: 1611

6.2. Пласмани во денари

6.2.1. Краткорочни пласмани во денари

- сметки: 1601, 4111, 4112, 4113, 4114, 4115, 4116, 4117

6.2.2. Долгорочни пласмани во денари

- сметки: 5111, 5112, 5113, 5114, 5115, 5116, 5117, 5311, 5312, 5313, 5314, 5315, 5316, 5317

6.2.3. Доспасани ненаплатени побарувања во денари

- сметки: 4119, 5119, 5319

6.2.4. Сомнителни и спорни побарувања

- сметка: 0841"

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РМ".

О. бр. 02-15/XLIII-1/95
21 декември 1995 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Борко Станоевски**, с.р.

По извршеното сравнување на изворниот со објавениот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја во Република Македонија во периодот 1994-1998 година („Службен весник на РМ" бр. 36/95) е утврдено дека е направена грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА
## НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1994-1998 ГОДИНА

Во членот 1, при наведувањето на населените места со статус на ридско-планински подрачја, во точката 23 - Скопје треба да се наведе испуштената колона **ридско-планински** која се дополнува со нов реден број кој гласи:

„8. Елово".

Бр. 23-1878/1
18 декември 1995 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с. р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд е покрената процесна постапка за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителот Крунислав Николовски од Скопје, против тужените Антониевиќ Пеја и други.

Бидејќи тужениот Антониевиќ Пеја е со непозната адреса на живеење, за привремен застапник му се поставува Слободан Хаџихристовски, адвокат од Скопје, кој ќе го застапува во постапката се додека тужениот не се јави лично пред судот или преку својот полномошник, односно органот на старателството не го извести судот дека му постави привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје I - Скопје, VI.П.бр.3538/95. (559)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II - Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Димитријевиќ Бранко со стан на ул. „Наум Охридски" бр. 63, Скопје против тужената Димитријевиќ Радица со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави точната адреса на живеење или престојување.

Доколку тужената не се јави во дадениот рок во постапката ќе ѝ биде поставен привремен старател од редот на адвокатите и тоа Слободан Жераиќ, адвокат од Скопје.

Од Општинскиот суд Скопје II - Скопје, XII.П.бр. 2374/95. (558)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ СУДСКО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВИНИЦА

Пред Општинскиот суд во Кочани - Судско одделение во Виница заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Надире Џ'к од Виница, про-

тив тужениот Хасан Џ'К од Виница, а сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 15 дена од денот на објавувањета на огласот или постави свој полномошник. Во спротивно судот по службена должност ќе му постави привремен старател кој ќе го води спорот во негово име, се до окончување на истиот.

Од Општинскиот суд во Кочани – Судско одделение во Виница, П.бр.256/95. (562)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Општинскиот суд во Гостивар во тек е процесна постапка за долг по тужбата на тужителот Халими Јамин од с. Градец, Гостивар, застапуван од неговиот полномошник Елези Ферат од Гостивар, против тужениот Абдули Заит со последно место на живеење во с. Градец, со непознато престојувалиште. Вредност на спорот 110.000,00 ДЕМ во денарска противвредност.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса за привремен застапик му е назначен Петрески Васил, дипломиран правник од Гостивар, стручен соработник на работа при Општинскиот суд во Гостивар.

Привремениот застапник ќе го застапува тужениот во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно додека органот за старателство не ќе го извести судот дека назначил старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П.бр. 1243/95. (561)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КАВАДАРЦИ

Во овој суд е заведен граѓански спор П.бр. 224/94 по тужба на тужителот Страшо Ѓорѓиев од Кавадарци, ул. „Методија Џунов“ бр. 50-А, против тужениот Јованов Трајче Стојан од Кавадарци, ул. „Киро Крстев“ бр. 68 и други за конституирање на службеност.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса му се постави привремен застапник, адвокатот Благоја Темелков од Кавадарци, кој ќе ги застапува правата и обврските на тужениот пред овој суд.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, П. бр. 224/94. (563)

---

Во овој суд е заведен граѓански спор за надомест на нематеријална штета П.бр. 526/94 по тужба на тужителот Страшо Манев од с. Возарци, против тужениот Сиљанов Тодор од с. Возарци и други.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса му се постави привремен застапник адвокатот Благоја Темелков од Кавадарци, кој ќе ги застапува правата и обврските на тужениот пред овој суд.

Од Општинскиот суд во Кавадарци, П.бр. 526/94. (564)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор по тужбата на тужителот Ферати Исак од Тетово, ул. „182“ бр. 24, против тужените Мустафи Амит Селман, Имери Ејуп Идајет, Мустафи Јахја Кемал, Мустафи Јахја Назми и Рушити Идриз Ѓулша, сите од Тетово, сега со непозната адреса.

Се повикуваат тужените да се јават во судот, да достават точна адреса и да одредат полномошник кој ќе ги застапува во постапката по овој предмет во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок, судот на тужените ќе им постави привремен старател преку ЦСР – Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 1844/95.

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост по основ на купопродажба и подршка, по тужбата на тужителот Јусуфи Абулкадир од с. М. Речица, против тужените Гавроски Иван, Гавроски Спиро, Гавроска Олга и Јованоски Стојан, сите од Тетово.

Се повикуваат тужените да се јават во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да постават свој полномошник, во спротивно судот по службена должност ќе им постави привремен старател кој ќе го води спорот се до окончување.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1526/95. (565)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КРУШЕВО

Пред овој суд е заведен спор по тужбата на тужителот Хаџовиќ Азем од с. Житоше, против тужениот Сулејманоски Суљо од с. Пешталево, како и против тужените Сулејманоски Нечко и Сулејманоски Џавит кои живеат во Белгија со непозната адреса.

Се повикуваат тужените Сулајманоски Нечко и Сулејманоски Џавит во рок од 15 дена да се јават во Општинскиот суд во Крушево. Во спротивно судот ќе им постави привремен старател. Расправата е закажана на 28.XII.1995 година.

Од Окружниот стопански суд во Крушево, П. бр. 38/94. (566)

---

## СУДСКИ РЕГИСТАР НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

I

Врз основа на правосилното решение за престанок на политичка партија донесено од Окружниот суд во Скопје под Рег.бр. 70 од 7.03.1995 година, потврдено со решение на Врховниот суд на Република Македонија ГЖ. бр. 3/95 од 19.09.1995 година, од Судскиот регистар на политичките партии бришана е:

РЕГ.бр. 70 – Демократски сојуз на Србите во Македонија, со седиште во Скопје, со важност од 19.09.1995 година.

II

Согласно решението на Окружниот суд во Скопје ПП.бр. 6/95, правосилно на 28.09.1995 година, во Судскиот регистар на политичките партии извршена е промена на името на политичката партија,

РЕГ.бр. 6 – Движење за семакедонска акција – МААК со седиште во Скопје, кое, со важност од 28.09.1995 година, гласи: „МААК – Конзервативна партија“.

III

Политичката партија

РЕГ.бр. 72 – ВМРО – Македонски национален демократски сојуз, со седиште во Скопје, ја промени својата адреса која сега гласи: ул. „Темко Попов“ бр. 35-а.

Од Окружниот суд во Скопје

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 10471/95 на регистарска влошка бр. 1-64033-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за трговија на големо и мало и меѓународен транспрот „ВЕРИЦА-ИМПЕКС“ ц.о. експорт-импорт, ул. „Евлија Челебија“ бр. 3, Скопје.

Претпријатието е основано со акт за основање бр. 01-1, од 01.09.1995 год., а основач е Митре Павловски од Скопје.

Дејности: 013021, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 10309, 110909, 11019, 110903, 110905, 060501, 060502, 060503, 080201, 080202, 080129, 080190, 013099, 120363, 012621, 012699, 012820, 012830, 013904, 070310. 070320.

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 3599/95, на регистарска влошка бр.1–17640, го запиша во судскиот регистар основањето на Приватното претпријатие „МИКС–ПРОМЕТ" на големо и мало „увоз-извоз" со П.О. Прилеп населба „Гогдере", зграда 6/28 – Прилеп.

Основач на претпријатието е Небрежанец Кирил, населба „Гогдере", згр.6/28 Прилеп.

Дејности: 07011, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110301, 110302, 110303, 110304, 110309.

Претпријатието во надворешно трговскиот промет ги врши следните дејности: 070210 и 070320.

Претпријатието во правниот промет настапува со полно овластување и полна одговорност.

Вршител на должност директор на претпријатието е Небрежанец Кирил со полно овластување.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег.бр. 3599/95. (12380)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 3796/95, на регистарска влошка 1–17728, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за трговија и услуги „ИРВАС – ТРЕЈД" увоз – извоз Битола ДОО П.О. Битола ул. „Кочо Чолаков" бр. 42.

Основач е Трајковски Вангел од Битола ул. „Кочо Чолаков" бр. 42.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 03003; откуп на лековити билки и шумски плодови 110309; внатрешна шпедиција, посредништво и комисиони работи во областа на прометот на стоки и сообраќајот, 110303, 0870201, 080202, 080190, 060501, 060502, 070310, 070320, Малограничен промет на стоки и услуги со странство, Меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција.

Во правниот промет со трети лица претпријатието настапува во свое име и за своја сметка, со полни овластувања, а за обврските претпријатието одговара со целокупниот свој имот – полна одговорност. Директор на претпријатието е Трајковски Вангел, со неограничени овластувања за застапување во внатрешниот и надворешно трговскиот промет.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег.бр. 3796/95. (12381)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 3893/95, на регистарска влошка бр. 1–17768, го запиша во судскиот регистар основањето на Приватното претпријатие за производство, трговија и услуги увоз–извоз „Чики – Комерц" со П.О. – Прилеп „Добре Ивановски" – 11.

Основачи на претпријатието се: Миле Ристески, Гоце Јанкоски и Ристо Глигороски сие од Прилеп. Директор и лице овластено за работење во надворешно–трговскиот промет е Гоце Јанкоски. Основачите не одговараат за обврските на претпријатието.

Дејности: 011832, 011930, 011941, 011949, 012421, 012429, 012901, 012909, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260 и во надворешно – трговскиот промет: 070310 и 070320.

Во правниот промет претпријатието настапува во свое име и за своја сметка. За обврските одговара со целокупниот имот и средства.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр.3893/95. (12382)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 3747/95, на регистарска влошка бр. 1–249, ја запиша во судскиот регистар промената за проширување на дејноста на Прехранбената индустрија „Витаминка" акционерско друштво во мешовита сопственост Прилеп АД П.О.

Дејности: 011941.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 3747/95. (12383)

---

